Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), согласно член 106 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20) постапувајќи по Жалбата изјавена од Р.Д. од Охрид, поднесена против Општина Охрид, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 20.01.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Жалбата изјавена од Р. Д. од Охрид, поднесена против Општина Охрид, заведена во Агенцијата под бр.08-6 на 03.01.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **поради тоа што Жалбата се смета за повлечена**.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Како што е наведено во Жалбата Р. Д. од Охрид на 29.11.2022 година, поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Охрид, со кое побарал по пошта да му се достави фотокопија од следната информација:

"Колку пари се потрошени за организација на Фестивал на виното во Охрид."

Како што се наведува во Жалбата, Имателот на информации по ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информации на 03.01.2023 година поднесе Жалба до Агенцијата, заведена во архивата на Агенцијата под бр.08-6.

Агенцијата со електронски допис бр.08-6 од 03.01.2023 година, ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации до Агенцијата на 09.01.2023 година по електронски пат достави Одговор на жалба бр.уп.03-11 од 09.01.2023 година, заведено во Агенцијата под бр.08-6.

На 20.01.2023 година Барателот на информации до Агенцијата достави е-маил заведен во Агенцијата под бр.08-6, во кој наведува дека: „ Ги повлекувам жалбите до општина Охрид. Побараните документи се доставени".

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за општата управна постапка **ЈА ЗАПРЕ ПОСТАПКАТА** по Жалбата, поради тоа што Барателот истата ја повлекол пред донесување на управен акт од второстепениот орган.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**